

# ПАМЕТНА ГРАДСКА КОНТРОЛНА ТАБЛА

**Паметната градска контролна табла на Македонски Телеком им овозможува на градските власти да вршат далечински мониторинг, контрола и оптимизација на градската инфраструктура. Тоа им дава можност да го подобрат целокупното управување со градската инфраструктура, притоа постигнувајќи социјален, еколошки и економски успех.**

Еден од најголемите предизвици на патот да се стане Паметен град е наоѓање начин како да се покаже вредноста на новите услуги за граѓаните. Градските власти ги користат податоците за функционирањето на градот, со цел да ги разберат и да ги решат проблемите на урбаното градско живеење, како помош при формулирање на јавните политики и за насочување на долгорочното оперативно управување. Имајќи предвид дека бројот на паметните апликации и напредните технологии за унапредување на работата на градовите секојдневно расте, разбирањето и користењето на овие податоци станува сè покомплексно и покритично.

Решението Паметна градска контролна табла е алатка која врз основа на анализа на голем обем различни и брзо променливи податоци, ги идентификува трендовите кои влијаат на секојдневните градски оперативни активности, притоа подобрувајќи ја контролата врз градската инфраструктура. Паметната градска контролна табла на Македонски Телеком ќе им помогне на градовите да го сфатат и да го прикажат влијанието на урбаните податоци, како и да ги искористат за подобрување на градот и услугите кон граѓаните и туристите.

## КОМПЛЕТНО РЕШЕНИЕ ОД ПОЧЕТОК ДО КРАЈ

**ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДОТ**



**ИЗБОРНО**

Интеграција на извори на податоци

**ОСНОВНА ПОНУДА**

Поврзување

Телеком SaaS за паметни градови

**УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДОТ**



**УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДОТ**



**СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА**

## СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА РЕШЕНИЕТО

- **Веб базирана апликација** оптимизирана за смарт телефон, таблет и големи дисплеи. Претставува флексибилен начин за приказ на информациите од различни извори на начин погоден за корисниците. Контролната табла е поделена на повеќе сегменти, дизајнирани за различните подрачја на управување со градот и наменети за различни целни групи, притоа, корисниците можат да го прилагодат својот екран во зависност од своите потреби и да ги гледаат оние податоци кои им се најважни, со можност да вршат промени во секое време.

- **Развиени стандардни модули** кои можат да се прилагодат на потребите на Градот. Модулите содржат најразлични референтни показатели, мерења и трендови, во зависност од расположливите апликации во градот кои обезбедуваат информации во врска со работата на градот и можат да се прилагодат во зависност од потребите на граѓаните, туристите.






## ПРИДОБИВКИ ОД КОРИСТЕЊЕТО НА ПАМЕТНА ГРАДСКА КОНТРОЛНА ТАБЛА

- **Интеграција со различни извори на податоци:** Постојните и нови извори на податоци се складираат во базата на податоци коишто ја „хранат" Контролната табла.

- **Презентација на ажурираните новости на граѓаните и туристите:** Начинот на организација на Контролната табла овозможува лесно споделување на прегледите и информациите низ различните сектори, како и со граѓаните и туристите. На јавните екрани (во Градското собрание, чекалниците во зградите на градската администрација) на граѓаните и туристите им се прикажуваат позитивните влијанија и придобивки од Паметните градови.

- **Поддршка за процесот на донесување одлуки:** Тековните податоци од различни извори овозможуваат детален увид и предвидување на моделите и трендовите поврзани со функционирањето на градот.

- **Граѓаните и напредокот:** Системот овозможува и креирање на визуелни презентации кои се одличен начин за комуникација на придобивките од концептот за Паметните градови. Со емитувањето на презентациите на јавните градски дисплеи, во зградата на градското собрание или во чекалниците на зградите на градската или општинската администрација, граѓаните постојано ќе бидат информирани за напредокот и позитивните промени од примената на концептот за Паметните градови, во градовите или општините во кои живеат и работат.

### КОНТАКТ

Е-адреса: SmartCity@telekom.mk

### ПУБЛИКУВАНО ОД

Македонски Телеком АД
Кеј 13 Ноември 6
1000 Скопје

### СЛЕДЕТЕ НÈ НА

Веб: ict.telekom.mk/smart-city
LinkedIn: Makedonski Telekom AD